#Eval4Action

mladite vo **evaluacijata**

bidete nositeli!

**Манифестот**

Повик за акција за осмислено вклучување на младите евалуатори и почетниците во евалуацијата

Ние, членовите на глобалната заедница на евалуатори, вклучувајќи владини претставници, парламентарци, доброволните организации за професионална евалуација (VOPEs), агенциите на Обединетите нации, евалуаторите, академските институции, приватниот сектор и секторот за развој,

Разбираме дека младите евалуатори и почетниците, играат клучна улога во обликувањето на глобалната култура на евалуација и ја зголемуваат трансформативната моќ на евалуацијата за изградба на одржлив, инклузивен и праведен свет, заснован на социјална правда и еднаквост;

Преземаме одговорност за негување и поддршка на осмисленото вклучување на младите евалуатори и почетниците во процесите на евалуација, како и во застапувањето на евалуацијата, со цел да се поддржи постигнувањето на Целите за одржлив развој (SDGs);

Се обврзуваме да вложиме стратешки и координирани напори за градење на професионални капацитети на младите евалуатори и почетниците;

Се обврзуваме да вршиме застапување на евалуацијата, како и да го подобриме вистинското и осмислено вклучување на младите во евалуацијата, фокусирајќи се на различноста на младите, преку соработка со младите во дизајнирањето, развојот и

користењето на евалуацијата. Ова вклучува вклучување на младите евалуатори и почетниците во сите фази од евалуацијата, вклучително и овие:

Клучни извори на информации кои обезбедуваат видувања и докази за време на собирањето податоци за евалуацијата, со посебен фокус на недоволно застапените младински групи

Соработници, кои ја спроведуваат евалуацијата заедно со искусните членови на тимот за евалуација

Советници, кои придонесуваат со нивните размисли за клучните резултати од процесот на евалуација

Донесувачи на одлуки, кои го предводат и управуваат процесот на евалуација, заедно со набавувачите и/или менаџерите на процесот на евалуација

Промотори на користењето на евалуацијата

Разбираме дека осмисленото вклучување на младите евалуатори и почетниците во евалуацијата е континуиран процес, а не еднократен настан, кој бара соодветна реакција и користење на научените лекциите за иницирање на промени.

Ние се обврзуваме да бидеме лидери во процесот на вклучувањето на младите во евалуацијата !

Потпиши го Манифестот